По повод информацијата објавена на Вестите на КАНАЛ 5 од 20 Ноември 2012 година ***ММИ се пишмани итн,*** со кој КАНАЛ 5 продолжува со ширење на дезинформации по повод обврската за плаќање за јавно соопштување на фонограми и изведби, бараме од Вас, во согласност со нашето право предвидено во членот 152 од Законот за радиодифузна дејност и вашата обврска предвидена во членот 155 од истиот закон, да го објавите нашиот одговор, како што следи:

**Дезинформациите кои ги изнесува КАНАЛ 5 во јавноста не само што ја засегаат легитимноста на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи и ја повредуваат честа и угледот на истата, како и на СИТЕ НОСИТЕЛИ на правата, туку со тоа се прави и директен атак на интелигенцијата и писменоста на македонскиот народ. Народот е интелигентен и писмен, следствено на што е способен да прочита што пишува во правилникот и во тарифата.**

**Укажуваме:**

**Во член 1 став 1 од Правилникот за висината на надоместоците чиј составен дел и тарифата за висината на надоместоците пишува:**

***"Со овој Правилник се уредуваат правилата и основите за утврдување на висината на надоместоците за <u>јавно соопштување</u> <u>(јавно преенсување,радиодифузно емитување,радиодифузно реемитување и кабелско реемитување)</u> фонограми со изведби издадени за комерцијална цел и изведби што самите по себе се радиодифузни или се направени од снимка... "***

**Во ставот 3 на член 1 од истиот Правилник пишува:**

***"Корисникот е должен да плаќа надоместок во согласност со Тарифата доколку ММИ нема склучено Општ договор со здружение на посебната категорија корисници на која тој припаѓа,односно со комората на корисници што го претставува мнозинството корисници на таа категорија или поединечен договор со корисникот. "***

**Понатаму, во текстот на Тарифата во секој поединечен тарифен број стои: Доколку со договор поинаку не е утврдено,надоместокот за користење на фонограми и изведби... " по што се наведува основот,односно начинот на јавното соопштување на фонограмите,односно изведбите од кој произлегува обврската за плаќање на надоместокот и висината на надоемстокот.**

**Следствено на ова ММИ *нииту ретерира, ниту се пишмани*, како што тоа го објави КАНАЛ 5, туку КАНАЛ 5 пренесува и шири невистини со кои ги доведува граѓаните во заблуда. Со објавениот Јавен повик ММИ само продолжува да ја врши својата дејност согласно со законот утврдените правила на постапување. Прво се донесе тарифата, што беше обврска во согласност со Законот за авторското и сродните права, па потоа ММИ пристапува кон водење преговори со корисниците, а со цел склучување на договори за утврдување на висината на надоемстокот за јавно соопштување на фонограми и изведби. Нагласуваме, <u>договорното утврдување на надоместокот е императив за ММИ. Тарифата ќе се применува</u>**

**самo доколку по водените преговори со корисниците не се успее да се постигне договор за висината на надоместокот.**

**Организација за колективно управување на правата на производувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи**

**ММИ**